**Заштита на човековите према пред Европскиот суд за човекови права**

Европскиот суд за човекови права е меѓународен суд којшто може да разгледува единствено жалбени наводи од физички лица, организации и трговски друштва кои тврдат дека биле повредени нивните права загарантирани со Европската конвенција за човекови права.

Секое лице (жалител) чии права се повредени може да поднесе жалба пред Европскиот суд за човекови права за повреда на некое од загарантираните права како:

- Право на живот
- Забрана на мачење
- Забрана на ропство и принудна работа
- Право на слобода и безбедност
- Право на правична судска постапка
- Право на почитување на семеен и приватен живот
- Слобода на мисла, совест и вера
- Слобода на изразување
- Слобода на собирање и здружување
- Право на брак и други права кои произлегуваат од Протоколите ратификувани кон Европската конвенција за човекови права.

Жалбата мора да биде насочена против државата која ја ратификувала Европската конвенција за човекови права. Не можат да се поднесуваат жалби против поединци.

Жалителот мора да ја поднесе жалбата во рок од **шест месеци** од конечната одлука во домашната постапка. Овој рок од шест месеци обично почнува да тече од денот кога највисокиот надлежен суд или орган ја донел одлуката, или од денот кога на жалителот или на неговиот адвокат им била доставена таа одлука. Доколку не постои ефикасно правно средство во однос на одреден жалбен навод, рокот од шест месеци почнува да тече од денот кога се случиле дејството, настанот или одлуката на кои се жалите.